**По повод општинскиот празник 7 септември и во пресрет на 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија во Делчево се одржуваат повеќе манифестации.**



Во фоајето на Спомен-домот АСНОМ е отворена изложба на ликовниот уметник Петар Атанасовски - Пепи. Изложени се околу 50 платна, во најголем дел слики со мотиви од старата Царевоселска архитектура и од етнологијата на Пијанец.

Пред љубителите на поезијата од Делчево е промовирана и најновата стихозбирка на поетот Благој Самоников од Штип, насловена „Неизносена ведрина“. Промотор на поетската книга беше Трајче Кацарски, а стихови читаа членови на рецитаторската секција при КУД „Гоце Делчев“ од Делчево.

По повод празниците, во населбата Стар Расадник во Делчево градоначалникот Горан Малешевски го предаде во употреба новоизградениот детско игралиште, едно од предвидените десет со проектот за изградба на комуналната инфраструктура во општината.